Согласно член 28 од Законот за управување со електрична и електронска опрема и отпадна електрична и електронска опрема(Сл. Весник на РМ бр.6 од 13 јануари 2012 година) на ден 15.12.2014 година склучен е

Друштво за управување со отпад НУЛА ОТПАД ДОО Бр 416-01 15.12.2014 СКОПЈЕ

ГРАНИТ АД Бр 17-16161 17.12.2014 год

# ДОГОВОР

## ЗА СОБИРАЊЕ НА ОТПАДНА ЕЛЕКТРИЧНА И ЕЛЕКТРОНСКА ОПРЕМА (во понатамошниот текст ОЕЕО)

Помеѓу:

1. НУЛА ОТПАД ДОО Скопје, со седиште на ул. Јордан Мијалков бр.64/3, 1000 Скопје, (во понатамошниот текст колективен постапувач)

   ЕДБ: 4032012518645
   Ж-сметка: 200002491423070
   Депонент на: Стопанска Банка АД Скопје
   Застапувано од управителот Марјанчо Дамески

2. **ГД "ГРАНИТ" АД Скопје**, со седиште на ул.Никола Парапунов бб (во понатамошниот текст поседувач/трговец)

   ЕДБ: 4030996123112
   Ж-сметка: 300-0000004162-63
   Депонент на: Комерцијална банка АД Скопје
   Претставувано од Генерален Директор Страшо Милковски, преку овластено лице Филип Гошев Директор на Сектор за комерцијални работи

НУЛА ОТПАД ДОО Скопје - колективен постапувач, согласно Законот за управување со електрична и електронска опрема и отпадна електрична и електронска опрема е регистрирано со Решение Деловоден бр. 30120120027536 во Централен Регистар на РМ и Дозвола за постапување со отпадна електрична и електронска опрема бр. 11-9256/3 издадена од Министерство за животна средина и просторно планирање, како правно лице за постапување со отпадна електрична и електронска опрема.

*"Поседувач"* согласно член 6 од законот е правно или физичко лице кое користело, користи или има намера да користи опрема, односно лице кое со вршењето на својата дејност постојано или привремено создава отпадна опрема, а како поседувач, во смисла на овој закон, не се сметаат граѓаните или домаќинствата.

*"Трговец"* е правно или физичко лице кое обезбедува снабдување на опрема за краен корисник, како комерцијална дејност. За трговец ќе се смета и производителот, доколку произведената или увезената опрема ја обезбедува непосредно на крајниот корисник.

Сите дефиниции употребени во овој Договор се во согласност со Законот за управување со електрична и електронска опрема и отпадна електрична и електронска опрема.

# I ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

### Член 1

Предмет на овој Договор е собирање на отпадна електрична и електронска опрема од страна на колективниот постапувач од поседувачот/трговецот, а заради исполнување на обврските во согласност со член 21 и 23 од Законот за управување со електрична и електронска опрема и отпадна електрична и електронска опрема.

# II ПРАВА И ОБВРСКИ НА КОЛЕКТИВНИОТ ПОСТАПУВАЧ

### Член 2

Колективниот постапувач има обврска бесплатно да ги превземе собраните количини на отпадна електрична и електронска опрема од поседувачот/трговецот.

### Член 3

Пред надлежните органи, Колективниот постапувач превзема обврска за постапување само за пријавените количини на отпадна електрична и електронска опрема од страна на поседувачот/трговецот.

### Член 4

Колективниот постапувач согласно со овој Договор е должен пријавените количини на отпадна електрична и електронска опрема страна на поседувачот/трговецот да ги обработува и ги доставува во форма на годишен извештај до надлежните државни органи согласно чл. 38 од Законот за управување со електрична и електронска опрема и отпадна електрична и електронска опрема.

# III ПРАВА И ОБВРСКИ НА ПОСЕДУВАЧОТ/ТРГОВЕЦОТ

### Член 8

Поседувачот/трговецот согласно овој Договор и Законот за управување со електрична и електронска опрема и отпадна електрична и електронска опрема, му ги отстапува на Колективниот постапувач обврските утврдени во чл. 21 и 23 од Законот за управување со електрична и електронска опрема и отпадна електрична и електронска опрема и тоа:

- да ги преземе отпадна електрична и електронска опрема кои ги има во својата програма без надоместок или обврска за купување од крајниот корисник, без оглед кој е производувачот на истите вклучувајќи ги и отпадна електрична и електронска опрема кои се составни делови на уредите кои се продаваат или сервисираат и истите да ги предаде на колективниот постапувач.

- веднаш штом ќе увиди дека е наполнет садот со отпадна електрична и електронска опрема поставен на собирното место, односно е исполнет просторот наменет за оставање на истите, е должен да го извести колективниот постапувач или од него овластено трето лице, со цел да дојде и да ги преземе собраните отпадна електрична и електронска опрема.

Поседувачот/трговецот согласно овој Договор не смее собраните отпадна електрична и електронска опрема да ги предаде на трети лица.

## IV ДОВЕРЛИВОСТ

### Член 9

Согласно овој Договор, двете договорени страни се обврзуваат дека сите информации кои ги обезбедиле врз основа на овој Договор, извештаите, ревизијата и ги обележале како доверливи нема да ги пренесуваат на било кое трето лице и ќе ги чуваат како деловна тајна и по раскинувањето на овој Договор.

Овие доверливи информации двете договорени страни можат да ги користат само во случај на спор пред надлежните државни органи.

## V ВАЖНОСТА И ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ

### Член 10

Овој Договор се склучува на неопределено време.

## VI РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

### Член 11

Двете страни имаат право еднострано да го раскинат Договорот во секое време, со доставување на писмено известување испратено на другата договорна страна 1 (еден) месец пред бараниот датум на раскинување.

Овој Договор може да биде раскинат со писмено известување за раскинување од секоја од двете договорни страни во секое време без дополнителен отказен рок во еден од следните случаи:

- Едната од договорните страни прекрши една или повеќе од своите обврски утврдени со овој Договор, а прекршокот не е поправен во рок од 8 (осум) работни дена по известувањето добиено во писмена форма од совесната договорна страна.
- Другата договорна страна стане платежно неспособна (во случај на стечај или ликвидација).

## VII ОДВОИВОСТ

### Член 13

Во случај некој дел од овој Договор да биде прогласен за неважечки, неправосилен или на друг начин неспроведлив од страна на надлежен суд, таквиот дел ќе се интерпретира на начинот кој е најблизок до неговата првобитна намера, а е спроведлив, или ако тоа не е можно ќе се смета дека е одвоен од овој Договор и дека како таков нема никаков начин да го нарушува или да го засега остатокот од овој Договор, за кој договорните страни се согласуваат дека инаку би останал во полна сила и дејство.

## VIII ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 14**

Промени и дополнување на овој Договор може да се направи само во писмена форма со взаемна согласност на договорените страни.

**Член 15**

Сите идни измени и дополнувања на Законот кои директно влијаат на правата и обврските на двете договорни страни на овој Договор ќе бидат автоматски имплементирани во овој Договор, за што се согласни и двете договорни страни.

## IX. ВАЖЕЧКО ПРАВО И РАЗРЕШУВАЊЕ НА СПОР

**Член 16**

Секоја ситуација која не е покриена со овој Договор ќе биде разрешена согласно применливото законско право во Република Македонија.

**Член 17**

Секој спор што ќе произлезе од или во врска со овој Договор , договорните страни ќе се обидат најпрво да го разрешат спогодбено со меѓусебни преговори.

Доколку тоа биде невозможно двете договорни страни имаат право да го префрлат спорот на решавање во Основен суд Скопје 2, Скопје.

**Член 18**

Договорот е составен во 3 идентични примероци , од кои по еден (1) за договорените страни , а третиот за службени потреби.

**ДОГОВОРЕНИ СТРАНИ:**

| | |
|---|---|
| **НУЛА ОТПАД ДОО Скопје** | **ГД ГРАНИТ АД Скопје** |
| Друштво за управување со отпад Отпад НУЛА СКОПЈЕ | |
| ______________________ | ______________________ |
| Управител Марјанчо Дамески | |